**Ерис ДАМО ГРЕКА**

# СТАРЕЕЊЕТО КАЈ АЛБАНСКАТА ПОПУЛАЦИЈА ОД ОБРАЗОВНА ПЕРСПЕКТИВА

## 1. Вовед

Како и во другите делови на светот, така и во Албанија бројот на стари лица е во пораст. Денес, старата популацијата во Европа претставува речиси 20% од вкупното население додека, пак, во Албанија приближно 9% од населението се жители на возраст над 65 години, бројка којашто се очекува да расте на годишно ниво. Не само зголемувањето на животниот век и опаѓањето на бројот на новороденчиња, туку и зголемената свест за подостоинствен живот согласно универзалните човекови права влијаат врз работата на професионалците во сите полиња коишто ги пренасочуваат своите студии и истражувања со цел да ја поддржат и помогнат оваа целна група.

Живееме во време на секојдневни достигнувања и прогрес, опкружени со голем број на изуми подложни на усовршување, кои не се само научни, па затоа и се најчесто

Авторот е докторанд и вонреден предавач на Факултетот за општествени науки при Универзитетот во Тирана и на Универзитетот „Александер Џувани“.

применливи во просториите каде што живееме и работиме. Домашните апарати, на пример, се само дел од овие достигнувања на дигиталната технологија во секојдневна употреба. Имајќи го предвид историскиот развој на Албанија наспроти неодамнешниот пробив на новите технологии, старата популација денес се чувствува исклучено затоа што не ги препознава и не знае како да ги користи иновациите (вклучувајќи ги компјутерите, паметните телефони, мултифункционалните телевизори или интернетот и социјалните мрежи). Оттука, предизвик е да се разгледува образовното искуство меѓу постарите лица, особено доколку се земе предвид историјата на образованието во Албанија или промените низ кои помина образовниот систем во изминатите неколку години.

Анет Нидерфранке (Државна секретарка при Министерството за труд и социјални прашања во Германија) посочува дека вклучувањето на старите мажи и жени во општеството е од исклучилтено значење за Европската унија, знаејќи дека тие земји, како и нашата, сè уште не се подготвени да го поддржат процесот на доживотно учење, којшто треба да ја вклучува и постарата популација. Неодамнешните напори на Европската унија упатуваат на солидарност којашто не треба да произлезе единствено од унапредувањето на учењето еден за друг меѓу младите и старите, туку пред сè од пренесувањето на искуството и знаењето на старите лица меѓу старите лица во други земји. Ваквиот пристап не само што нив би ги вклучил во образовната програма, туку и би бил уште подрагоцен за корисниците коишто ќе имаат можност да учат од најдобрите практики.

Третото, како и четвртото доба се посебни периоди во животот на секој поединец. Кога би ги разгледале карактеристиките на оваа старосна група, првото што би го воочиле се клучните карактеристики во рамки на една иста генерација. Доколку претпоставиме дека тука спаѓаат и неодамна пензионираните и оние коишто ги живеат последните денови од животот, тогаш е јасно дека тие располагаат со различен потенцијал за учење и делување. Григориј Клучарев (Професор на Институтот за социологија при Академијата на науките, Русија) смета дека колку повеќе проблеми постојат во животот, толку побројни се можностите за учење. Старите лица учат со различна брзина и методи за разлика од младите. Според г. Клучарев, „важно е да се одбере средина каде што старите лица ќе се чувствуваат пријатно за време на процесот на учење затоа што колку што е попријатна средината за учење, толку поефективен ќе биде самиот процес на учење.“ Притоа, по правило, работата со којашто тие се бават за време на кариерата завршува со пензионирањето.

Татјана Конолигина (Шефица на Регионалниот одбор, Орлов, Русија) посочува дека Русија брои над 150 организации отворени за образование на старите лица. На пример, во регионот Орлов е отворен Универзитетот „Златно доба“, достапен и во селата преку мрежа на отворени локални претставништва. Таква мрежа е отворена и во Курск од страна на слична институција. Притоа, најбарани програми се оние за зачувување на здравјето и памтењето.

Разните социјални статуси (пензиониран/а, вдовец/ица, итн.) на старите лица ја наметнуваат потребата од креирање нова реалност, денес присутна во форма на дополнително образование; токму затоа образовните цели на лицата во трето доба изискуваат нови потреби и промени. Главните функции на образованието за старите лица се однесуваат на проблемите поврзани со сиромаштијата и осаменоста, инаку двата клучни проблеми на оваа старосна група, понатаму на организирањето на расположливото време, меѓугенерациskiот дијалог, учеството во општествени настани, едукацијата за здрав живот и низа други аспекти со коишто мора да се соочат во животот.

Засега, не постои организација чијашто главна улога е образованието на старите генерации согласно утврдени стратегиски програми и визии; секако, постои одреден број на институции (државни и приватни) кои ѝ пружаат поддршка на оваа целна група, но не се официјално признаени.

Според препораките на Европската унија, а особено според оние на одделите за образование и здравје, креирањето на сеопфатни социјални пристапи и политики треба да опфаќа различни полиња на делување како на пример: градење здрави јавни политики, развивање лични вештини, креирање заедници за поддршка, зајакнување на активностите во заедницата, пренасочување на здравствените услуги, итн.

## Теории за учењето кај возрасните

За да биде ефективен, секој добар учител треба да се труди да разбере на кој начин возрасните учат подобро (Лиеб, 1991). Андрагогија е теорија заснована врз неколку претпоставки за начинот на којшто учат возрасните. Андрагогијата ја нагласува вредноста на процесот на размислување. Притоа, наместо дидактички пристап, користи методи на учење со цел утврдување и решавање проблеми и ја подвлекува еднаквоста помеѓу едукаторот и лицето коешто сака да (на)учи. Почетоците на андрагогијата како студија за начините на коишто учат возрасните се лоцирани во Европа кон средината на дваесеттиот век. Развиена во седумдесеттите години од страна на Малколм Ноулс,

американски лекар и теоретичар за учењето кај возрасните, како прва модел-теорија за начините како да се научат возрасните да учат, андрагогијата стана „уметност и наука за помагање на возрасните да учат“ (Змејов, 1998 год., Фидишун, 2000 год.).

**Кои се „принципите на андрагогијата“?**

*Возрасните се внатрешно мотивирани и самостојни*

Возрасните имаат отпор кон учењето кога чувствуваат дека другите им наметнуваат информации, идеи или активности (Фидишун, 2000 год.). Оттука, нашата улога е да го олесниме нивниот пристап кон учењето на поодговорен и посамостоен начин, како и да ја поттикнеме нивната внатрешна мотивација за учење.

Тие не се студенти, тие веќе имаат искуство во структурирано учење (барем го имаат завршено задолжителното образование), а имаат и животно искуство. Сите експерти по геронтологија коишто се заинтересирани за учењето кај возрасните, треба:

- Да состават програми за учење коишто ќе се движат од поструктурирани со повеќе одговорности до помалку структурирани со помалку одговорности, при што темпото на учење ќе биде предизвик, а обемот на работа соодветен;
- Да развијат односи со студентите за да го одберат вистинскиот пристап, да ги поттикнуваат да прашуваат и да истражуваат концепти;
- Да покажат интерес за нивните мислења и размисли. Притоа, треба внимателно да ги слушаат нивните прашања;
- Да им ја дадат правата насока во истражувањето пред да им понудат повеќе факти.
- Да им пружат редовна, конструктивна и соодветна повратна информација (и позитивна и негативна);
- Да ги преиспитаат целите и да ги прифаат нивните заклучоци;
- Да ги поттикнат да ги користат расположливите ресурси, како што се библиотеките, списанијата, интернетот и ресурсите од другите отсеци;
- Да ги предвидат или осмислат задачите согласно нивните интереси, а коишто ќе мора да ги извршат за време на курсот. На пример, да се дадат насоки за избраната тема, да се претстави студија на случај врз основа на еден од клиентите, да се изготват печатени материјали за клиентот или да се води активност за група клиенти.

- Да го прифатат нивниот омилен начин на учење. Тоа може да се утврди преку прашалници, по што може да се дискутираат резултатите.

*Возрасните го применуваат животното искуство и знаење во процесот на учење*

Возрасните сакаат да им се укаже можност да го применат во новиот процес на учење своето постојно знаење и искуство стекнато од животните случувања. Сите експерти по геронтологија коишто се заинтересирани за учењето кај возрасните, треба:

- Да откриваат повеќе за своите студенти – нивните интереси и минати искуства (лични, работни, образовни);
- Да им помогнат да ги истакнат оние искуства коишто се поврзани со решавање проблеми, но и да размислуваат и да ги применат процесите на клиничко расудување;
- Да ги олеснат можностите за учење преку промислување што, според Фидишун (2000 год.), може да им помогне да ги воочат постојните предрасуди и обичаи засновани врз животното искуство и „да се насочат кон ново толкување на понудените податоци“.

*Возрасните се водат според целите*

Возрасните студенти се подготвени да учат кога „ќе почувствуваат потреба да научат за да можат подобро да се справат со конкретните животни задачи или проблеми“ (Ноулс, 1980 год., стр. 44, цитирано од Фидишун, 2000 год.). Нашата улога е да придонесеме кон нивната подготвеност за учење и да им ја подигнеме свеста за потребата од знаење или вештини. Сите експерти по геронтологија коишто се заинтересирани за учењето кај возрасните, треба:

- Да споделат значајни искуства на учење коишто се јасно поврзани со самата личност, зацртаните цели и клиенти, како и да ги проценат идните цели во животот.
- Да понудат вистински студии на случаи (преку известување и контакт со клиентот) што ќе послужи како основа за понатамошно совладување на теоријата, Методите за работна терапија и функционалните импликации на важни прашања;
- Да поставуваат прашања коишто поттикнуваат на размислување и истражување.

*Возрасните се водат според важноста*

Возрасните сакаат да знаат колку е важно тоа што го учат согласно она што сакаат да го постигнат. Со цел да се утврди вредноста на нивните практични искуства, познавачите советуваат:

- Да се прашаат да размислат што очекувале да научат пред да се стекнат со конкретното искуство. Понатаму, што научиле по стекнување на искуството и како можат да го применат наученото во иднина или како наученото може да им помогне да ги остварат своите зацртани цели.
- Да им се понуди избор во поглед на практичниот проект така што ќе им се предложат две или повеќе можности. На тој начин, поверојатно е дека учењето ќе ги одразува интересите на студентот.

„Студентите навистина имаат корист од т.н. вообичаени предавања, односно времето поминато во слушање предавања на разни теми – какви што се препознавањето и перцепцијата. Многу подобро ја разбираат конкретната тема кога е директно поврзана со работната средина. Начинот на кој се поврзуваат теоријата и практиката е од непроценливо значење.“ – С. Бартоломеј, клинички едукатор за работна терапија при Болницата во Ипсвич (приватна комуникација, 31 мај 2007 год.).

*Возрасните се практични*

Преку практични искуства, интеракција со клиенти и разни животни ситуации, студентите го заменуваат моделот на предавање и консултирање книги со конректно решавање проблеми, при што прво можат да воочат дека наученото е точно и применливо во рамки на животот и работата. Клиничките едукатори можат:

- Јасно да го образложат своето клиничко расудување при правењето на избор во однос на процените и делувањето, како и при приоритизирањето на клиничките потреби на клиентот.
- Да бидат јасни за материјата којашто ја совладува студентот, како и за начинот на кој таа е корисна и применлива во нивната работа со клиентите.
- Да поттикнуваат активно учество така што ќе им овозможат на студентите да прават обиди наместо само да набљудуваат. Можат да им понудат низа можности за правење процена, интервју и делување во практика со доволен број на проби за да им помогнат да стекнат самодоверба, вештини и способности.

*Возрасните сакаат да бидат почитувани*

Почитта спрема студентите може да се покаже преку:

- Пројавување интерес;
- Препознавање на разните искуства со коишто студентот ја збогатува дискусијата;
- Поврзување и прифаќање на студентот како колега со подеднакво животно искуство;
- Охрабрување да се изложуваат идеи, размисли и решенија во сите можни случаи;

Важно е да се има на ум дека студентот сè уште ги развива своите способности за клиничка работна терапија. Сепак, имајќи ги предвид теоријата и принципите на учење кај возрасните, пристапот на учење може да биде олеснет почнувајќи од примена на методи за (новаците) почетниците кон пософистицирани методи на учење. Ова овозможува пренесување и интегрирање повеќе информации, знаење и искуство; студентот учи како и кога да учи, и научува како да разликува што е важно при работењето, што модераторот на сесиите треба да го препознае и цени; тој мора да ги утврди приоритетните потреби и цели на клиентот; кога може да се тргнат правилата настрана и како/кога пристапот до практиката за работна терапија и професионална комуникација произлегува од строго обликување на однесувањето како единствена пројава на терапија и професионалност (Фидишун, 2000 год.; ТЕИП, 1991 год.).

Начините на коишто возрасните учат се разликуваат од оние на коишто учат децата, но дури и возрасните тргнуваат од неколку карактеристики, и тоа:

1. Концептот за себеси: како човек созрева, така му се менуваат сфаќањата и од зависен станува самостоен поединец;
2. Искуството: како човек созрева, така тој насобира сè повеќе искуства коишто стануваат неверојатен ресурс за учење;
3. Волјата за учење: како човек созрева, така неговата волја за учење бива условена од потребата за извршување на задачите поврзани со неговата улога во општеството;
4. Насоченоста кон учење: како човек созрева, така нештата се менуваат, односно наместо одложување на примената на знаењето, се бара итна примена, па согласно насоченоста кон учењето, фокусот на човекот преминува од предметот на утврдување на проблемот;
5. Мотивацијата за учење: како човек созрева, така мотивацијата станува внатрешна (Ноулс, 1984 год.) .

Сите погоре спомнати карактеристики се наведени како разлики помеѓу андрагогијата и педагогијата, што сè уште претставува предмет на дебата. Андрагогијата како поим била позната уште во 1830 година, но човекот којшто ја популаризирал меѓу англиските читатели бил Малком Ноулс. Андргагогијата може да се сфати како идеја којашто стекнала популарност во одреден момент – и токму таа популарност многу повеќе зборува за тогашниот идеолошки контекст отколку за методите на учење.

Џарвис (1997 год.,а), Девенпорт (1993 год.) и Тенант (1996 год.) расправаат дека не може да се развие целосна теорија врз основа на карактеристиките на возрасните ученици. Притоа, не е јасно дали Ноулс понудил теорија или комплет насочувачки принципи за практична примена; според Тенант, овие идеи се неуспешно поставени и разгледани во рамки на логичка и веродостојна теориска структура; Џарвис, пак, коментира во своите записи дека постои тенденција да се наведуваат одликите на една појава без, притоа, да се преиспита соодветната литература (на пример, како во случајот на андрагогијата) или да се погледне низ призмата на сеопфатна теориска структура. Изведувањето на концепт за начинот на којшто самостојно учиме е прогресивен метод, а начинот на којшто возрасните учат не се случува преку посебна група на фази; ова значи дека постојат животни ситуации коишто влијаат врз промислувањето и истражувањето како основни компоненти на учењето.

## 2. Цели на истражувањето

Првичната цел на истражувањето беше да ја разбере едукацијата на старата популација како феномен. Односно, дали таа претставува рутинска активност, дали оваа целна група е одговорна и свесна за потребата од едукација или предизвикот наречен доживотно учење. Истражувањето ги зема предвид постојните теории и достапната литература за образовниот процес, како и податоците за состојбата со старата популација во Тирана.

Намерно утврдена цел е да се препознаат и унапредат одредени корисни активности коишто произлегуваат од најдобрите практики, а се предложени од институциите за образование и обука на старата популација. Оваа цел им претходи на напорите коишто општеството, централната и локалните власти треба да ги вложат за да се унапреди образованието за старата популација при што целта не е само обезбедување здрав животен стил за неа, туку првенствено намалување

на трошоците на семејството и општеството поврзани со пружањето на поддршка и внимание кон оваа популација.

## 3. Методологија

Методологијата којашто се користи во оваа истражување го вклучува квалитативниот метод со цел утврдување на перцепцијата за образованието, како и на потребата од подлабоко научно знаење за вклученоста на старата популација во тој процес. Оттука, требаше да се одберат соодветни методи. Во фокусот на истражувањето беа ставени два главни аспекти – првенствено, проучување на литературата од неспорно најпопуларните земји во оваа област, а потоа примена на фокус-групите на стари лица со цел анализа на прашањето поврзано со нивната едукација, процена на нивните перцепции и можности за едукација, како и утврдување на областите на интерес за кои им се потребни повеќе информации и обука. Со цел спроведување сеопфатно истражување, се применува методот на триангулација преку краток прашалник составен од прашања со понудени можни одговори.

*Цели на истражувањето*

Следните цели беа предмет на обработка и истражување. Врз основа на нив, беа востановени модулите за дискусија со целните групи.

- Утврдување на податоците за едукацијата на старата популација;
- Перцепцијата на старата популација за важноста и поддршката што едукацијата ја пружа во справувањето со разни предизвици;
- Препознавање и евалуација на постојните образовни обврски на старата популација;
- Утврдување на родовите разлики на регионално и образовно ниво;
- Утврдување на односот на старите луѓе кон процесот на доживотно учење.

*Избор на примерок и собирање податоци*

Испитаниците вклучени во истражувањето се жени постари од 60 и мажи постари од 65 години, коишто живеат во Тирана, независно од нивното потекло и степен на образование. Беа формирани две фокус-групи. Првата група беше составена од седум стари лица, а втората од пет стари лица. Притоа, беше спроведен и краток прашалник за перцепцијата на двете фокус-групи за образованието.

Општи податоци земени од фокус-групите: Првата фокус-група беше составена од стари лица кои се знаеја меѓусебно и кои се дружеле претходно, што може да доведе до одредени грешки при изборот на примерок; и покрај краткото расположливо време, а имајќи ги предвид одликите поврзани со возраста, собраните податоци беа од голема важност за понатамошната работа. Испитаниците од втората група беа случајно одбрани, но се појавија ограничувања во однос на бројот на учесници зашто во одредени случаи не беше достигнат потребниот кворум (ова беше предвидено од истражувачот којшто имаше предвид дека март и април, кога беа организирани средбите, е период на вирози).

Исто така, беа анкетирани 36 стари лица, од кои приближно 40% беа мажи, а 60% жени. Женското мнозинство е одраз на демографските карактеристики на оваа старосна група, а процентот на жени во повозрасната популација во Албанија долго време беше највисокиот процент во Европа.

## 4. Обработка на податоците

Денешното повозрасно население е свесно за мноштвото варијабли на економскиот и социјален развој на општествата, како и за придружните предизвици. Тоа живее во свет на брзи секојдневни промени, при што технолошките се едвај разбирливи за најголем дел од него.

Зошто е важна едукацијата на повозрасното население? Ова прашање навестува најмалку две толкувања за важноста на едукацијата. Имено, образованието може да биде важно од социјален аспект, односно важно за целокупното општество, но може да биде важно и на лично ниво, односно за самите студенти (старата популација). Општествената важност е очигледна – му овозможува на поединецот да живее во општеството така што го „опремува“ со знаење за светот околу него, укажувајќи на неговото достоинство.

Оттука произлегува прашањето која е улогата на повозрасното население во општеството? Земајќи ја предвид дефиницијата на поимот „стар/а“, под која се подразбираат сите пензионирани лица, или барем оние коишто не се економски активни, старите лица придонесуваат кон општеството како дел од гласачкото тело и како потрошувачи. За да можат да ги остваруваат овие обврски, старите лица треба да бидат способни да донесуваат одлуки за кого и што да гласаат, како и да знаат што треба да прават за да ги зачуваат здравјето и финансиите. Одлика на човековата природа е настојувањето да се напредува на лично ниво

за да се има исполнет и квалитетен живот. Оттука, корисно е оние стари лица коишто не придонесуваат значително кон општеството да го остварат тоа преку едукација.

Старите лица не учат нови јазици (новите технолошки уреди не се програмирани на албански јазик), па не можат да се информираат за трендовите и промените во економијата, правото и политиката, но од суштинско значење за нив е да учат за да водат што е можно поквалитетен живот. Ефектите од образованието ќе бидат поголеми доколку за тоа постои свест кај старите лица, коишто можат дури и да го организираат и осмислуваат тој процес, за што е потребно да се развие соодветен концепт.

Услугите за старите лица не се организирани во посебни, ним наменети институции со социјални работници и други професионалци-познавачи на геронтологијата. Токму затоа, мора внимателно да се развијат образовните методи за да им се помогне на старите лица да ја вложат енергијата во успешно решавање проблеми.

Иако повеќе не се дружат со пријателите од детството, старите лица во Тирана се справуваат со осаменоста користејќи ги своите искуства и знаења, кои за нив претставуваат скапоцен ресурс. Всушност, не постојат современи истражувања, но резултатите од работата со фокус-групите покажуваат дека старите лица имаат добро памтење, но стравуваат дека ја изгубиле способноста за учење.

Често ги слушаме старите како се жалат за начинот на кој денес живеат младите. Изразот „во наше време“ се слуша речиси секојпат кога тие сакаат да споделат свое мислење или став. Така, се јавува потребата прво да им се објаснат новите технологии по што тие ќе дадат низа причини зошто не се запознаени со нив и зошто не ги користат. Од друга страна, во домаќинства каде што заедно живеат една или две генерации, употребата на овие апарати е вообичаена и старите лица се тие што први ги прашуваат блиските за начинот на употреба.

Во однос на употребата на интернетот, некои стари лица научиле како да го вклучуваат и исклучуваат компјутерот и како да комуницираат со своите деца коишто не живеат во Албанија. Други, пак, коишто се изјасниле дека ја поддржуваат употребата на овие модерни алатки и средства за комуникација, гледаат на употребата на интернетот како на најголем предизвик во процесот на учење.

Пред да продолжам со излагањата за новите технологии и користењето на интернетот, потребно е да се изложат неколку фактички податоци коишто укажуваат на пречките во користењето на овие достигнувања од страна на старата популација:

- Тие немале играчка или модерна направа во своето детство.
- Директниот контакт бил нивниот единствен начин на комуникација.
- Голем дел од нив научиле да читаат и пишуваат и биле вклучени во формалното образование само неколку години.
- Првпат виделе компјутер во изминатите неколку години и никогаш не научиле како да го користат.

Се покажа дека полињата на интереси на мажите и жените се разликуваат, што се должи на зајакнувањето на родовите разлики видливи кај оваа старосна група. Жените се помалку заинтересирани за формалното образование и не покажуваат толку голем ентузијазам како мажите за организирањето и востановувањето на програма преку која би можеле да го стекнат сето потребно знаење за поквалитетен живот.

За разлика од досега спроведените истражувања и постојната литература, старите лица во Тирана (но ова може да се однесува и на Албанија во целост) немаат конкретно поле или предмет на интерес; може да станува збор и за природа, и за животна средина или нивната конзервативна средина. Ова најверојатно произлегува од фактот што тие најверојатно сѐ уште не се свесни за можностите за организирање и образование.

Кога се компјутерите или интернетот во прашање, првата работа што се забележува кај нив е нервоза зашто не сакаат да зборуваат за тоа, односно не го разбираат и веднаш почнуваат да објаснуваат и да се правдаат зошто сметаат дека е непотребна алатка.

Тие не сакаат да го користат компјутерот ниту за играње игри или читање вести (дури и онаму каде што компјутерите и интернетот им се достапни и на стари лица, тие не ја користат можноста).

На пример, тие велат „Не ги разбираме овие нови изуми", „Немаме трпение да научиме како да ги користиме", „Премногу е сложено", „Сѐ исчезнува ако го притиснеш погрешното копче", „Стари сме за вакви работи", „Страв ни е да не ги оштетиме", „Многу се изнамачив додека да научам", „Имам премногу забелешки".

Моментално, фондот за образование во Албанија претставува буџетска ставка која бележи годишен раст, што заслужува пофалби со оглед на тоа дека образованието денес претставува мал влог за подобро општество утре – образованието вреди повеќе како човечки и социјален капитал на општеството. Иако е точно дека голем дел од јавните фондови се вложуваат во фондот за образование, владите треба да размислат како да воведат поинакви начини на учење, отворајќи

го прашањето дали 1% од буџетот за образование е соодветен за задоволување на образовните потреби на 9% од вкупното население.

**Заклучок**

Најпрво, би сакал повторно да укажам на зголемениот број на иницијативи за едукација на стари лица во светот, како и на голем број на разни истражувања, опфатени со поимот андрагогија.

Притоа, треба да се напомне дека истражувањето беше спроведено во Тирана и не ги зема предвид интересите на старата популација која живее во руралните подрачја и која најчесто останува да живее таму и до крајот на животниот век.

Иако неколку истражувања се занимаваат со влијанието на благосостојбата на старата популација во нашата земја, ниту едно од нив не ја зема предвид улогата на образованието во обезбедувањето на „подобро управување“ со животот.

Новите технологии се поважни од кога било досега во општеството. Тие го менуваат начинот на којшто работиме и ги организираме секојдневните активности, при што поединецот станува добро организирана единка во контакт (виртуелен) со други луѓе и огромен број на информации. Новиот век (придружен со неверојатното влијание на технологијата) донесе нови предизвици за секого. Старите луѓе се дел од општеството (барем до оној степен до којшто можеме да размислуваме за нивната вклученост) и оттука, и тие се соочени со новите предизвици; токму затоа, треба да им се помогне да достигнат повисок квалитет на живеење со помош на новите технологии зашто познавачите сметаат дека човекот може да се образува до крајот на животот. Старите лица коишто живеат во земјите во развој, вклучувајќи ја и нашата, не треба да бидат лишени од ваквото значајно искуство, па и тие треба да ги совладаат новите технологии.

Унапредувањето на образованието како високо ефективна алатка за подобрување на животот е видливо; со помош на технологијата, голем број на стари лица ќе можат да живеат посамостојно и да бидат повеќе вклучени во општествениот живот.

Треба да се охрабрува дебата и постојан контакт помеѓу старите и младите, што ќе го олесни учењето на нови нешта. Оттука, образованието треба да биде насочено кон способностите што овие лица ги поседуваат, а не кон нивните недостатоци – во спротивно, само би им се зголемил стресот и стравот од неуспех.

Ресурс којшто треба да се ползува се искуствата на старите лица

од развиените земји, коишто главно укажуваат на избор и насочување кон поле на интерес кое не само што ги задоволува потребите за учење, туку и причинува задоволство.

Секако, старите лица различно размислуваат и учат, имаат различни гледишта во однос на општествените активности (патување, волонтирање, политички ангажман, итн.), припаѓаат на разни социјални, културни и образовни слоеви. Сите овие фактори, вклучувајќи и многу други, мора да се земат предвид пред да се отпочне со нивна обука и едукација.

Следствено на погоре наведеното, сметам дека овој труд дава поттик да се размислува за неколку прашања:

- Дали образованието треба да одговара на потребите?
- Дали е и тоа составен дел од долготрајната грижа за старите лица?
- Дали е во фокусот на сегашните политички агенди?

Дали треба да се воведе на национално ниво и дали треба да се залагаме за едукација за да имаме поздрави, поспособни, поодговорни и посамостојни стари членови на општеството?

*„Напуштете ја идејата дека само децата треба да учат. Бидете ученик сè* додека имате што да научите и ќе учите цел живот." - *Хенри Л. Доерти.*

**Резиме**

Стареењето наскоро ќе претставува предизвик и за албанското општество. Науката и технологијата значително го олеснуваат извршувањето на секојдневните активности, но постарата популација не е запознаена со нејзината употреба.

Во сржта на овој труд е евалуацијата на образованието и сфаќањата на старата популација за современите промени, согласно проучените андрагошки концепти. Избраната методологија првенствено се состои од проучување на постојната литература, а потоа од примена на фокус-групи на стари лица. Со цел подобро разбирање на проблематиката беше спроведен краток прашалник составен од прашања со понудени можни одговори во прилог на методот на триангулација.

Едукацијата на постарата популација е нов концепт за оваа категорија на граѓани. Тие покажаа голем интерес за обуките за примена на електронската и компјутерската опрема. Организирањето на едукацијата за постарата популација со цел здраво, самостојно и добро интегрирано стареење може да биде заклучокот, но и можната препорака на овој труд, согласно истражувањата направени кај албанската популација.

**Eris DHAMO GRECA**

## ALBANIAN AGEING, UNDER THE EDUCATION PERSPECTIVE

**Abstract**

In Albania ageing will become a tomorrow challenge of the society and science and technology have done a lot to facilitate their life, but Albanian elderly aren't familiar with them. The core of this research paper is the education evaluation and perception of elderly about today's society changes, after exploring andragogy concepts. The methodology primarily went to literature study and secondly on use of focus groups with elderly. For better understanding a short questioner with closed questions was applied to triangulate data. Elderly education is a new concept for elderly. Training in the use of electronic or computer equipment was an area of high interest to them. The organization of the education for a healthy ageing, independent and well integrated was not only a conclusion but even a possible recommendation of this study, according to the earliest study made on Albanian contents.

**Библиографија**

AARP-Lifelong Learning and Education

Brew, J. M. (1946) *Informal Education. Adventures and reflections*, London: Faber.

Brockett, R. G. and Hiemstra, R. (1991) *Self-Direction in Adult Learning. Perspectives on theory, research and practice*, London: Routledge.

Brookfield, S. B. (1994) 'Self-directed learning' in YMCA George Williams College ICE301 *Adult and Community Education Unit 2: Approaching adult education*, London: YMCA George Williams College.

Candy, P. C. (1991) *Self-direction for Lifelong Learning. A comprehensive guide to theory and practice*, San Francisco: Jossey-Bass.

Carlson, R. (1989) 'Malcolm Knowles: Apostle of Andragogy', *Vitae Scholasticae*, 8:1 (Spring 1989). http://www.nl.edu/ace/Resources/Knowles.html

Davenport (1993) 'Is there any way out of the andragogy mess?' in M. Thorpe, R. Edwards and A. Hanson (eds.) *Culture and Processes of Adult Learning*, London; Routledge.

Hewitt, D. and Mather, K. (1937) *Adult Education: A dynamic for democracy*,East Norwalk, Con.: Appleton-Century-Crofts.

Jarvis, P. (1987a) 'Malcolm Knowles' in P. Jarvis (ed.) *Twentieth Century Thinkers in Adult Education*, London: Croom Helm.

Kett, J. F. (1994) *The Pursuit of Knowledge Under Difficulties. From self-improvement to adult education in America, 1750 – 1990*, Stanford, Ca: Stanford University Press.

Knowles, M. S. (1950) *Informal Adult Education*, New York: Association Press. Guide for educators based on the writer's experience as a programmer organizer in the YMCA.

Knowles, M. S. (1973; 1990) *The Adult Learner. A neglected species* (4e), Houston: Gulf Publishing. 2e. 292 + viii pages. Surveys learning theory, andragogy and human resource development (HRD).

Knowles, M. S. (1975) *Self-Directed Learning. A guide for learners and teachers*, Englewood Cliffs: Prentice Hall/Cambridge. 135 pages.

Knowles, M. S. (1989) *The Making of an Adult Educator. An autobiographical journey*, San Francisco: Jossey-Bass. 211 + xxii pages.

Knowles, M. S. and Knowles, H. F. (1955) *How to Develop Better Leaders*, New York: Association Press.

Knowles, M. S. and Knowles, H. F. (1959) *Introduction to Group Dynamics*, Chicago: Association Press. Revised edition 1972 published by New York: Cambridge Books.

Knowles, M. S. et al (1984) *Andragogy in Action. Applying modern principles of adult education* San Francisco: Jossey Bass.

Layton, E. (ed.) (1940) *Roads to Citizenship. Suggestions for various methods of informal education in citizenship*, London: Oxford University Press.

Lindeman, E. C. (1926) *The Meaning of Adult Education* (1989), Norman: University of Oklahoma.

Merriam, S. B. and Caffarella, R. S. (1991) *Learning in Adulthood. A comprehensive guide*, San Francisco: Jossey-Bass.

Mundy, J. (1998). Leisure education: Theory and practice (2nd ed.). Champaign, Illinois: Saga more.

Ohio State University Medical Center-Summary of Age-Specific Teaching Approaches